*Родово одговорен буџетски форум*
*Општина Крива Паланка*
*IV форумска сесија*

# ЛИСТА

# СО ПРЕПОРАКИ ОД ГРАЃАНИТЕ ДО

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

*Крива Паланка*
*29 ноември 2022 година*

**Почитувани ,**

**Ние граѓаните и граѓанките – учесници/ки на Буџетскиот Форум 2022 / 2023 за подготовка на родово одговорно буџетирање на Општина Крива Паланка, Ви ја доставуваме оваа листа со препораки до Вас (Градоначалникот и Советот на Општина Крива Паланка) како претставници на локалната Власт да ги имате во предвид сите наши граѓански идеи во тековните работи и идни планирања на Општина Крива Паланка и да ги рашавате во рамките на своите надлежности.**

**Листата ги содржи сите граѓански идеи и проблеми кои не влегоа односно останаа надвор од буџетските и програмски приоритети на општината и неможеа да бидат вкучени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година, но можат да бидат патоказ за делување на локалната самоуправа во наредниот период и да бидат вклучени во нејзините идни стратешки и развојни планирања и документи.**

**Голем дел од препораките беа прифатливи за општината па се надеваме дека и некој и од нив дополнително ке влезат во буџетот и ќе бидат реализирани следната година, но дека општината ке ги има предвид и при некој од идните општински буџети.**

## ЛИСТА СО ПРЕПОРАКИ
## ОД ГРАЃАНИТЕ ДО ОРГАНИТЕ НА ЕЛС КРИВА ПАЛАНКА

1. **Предлози по програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 година**

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Резултати/индикатори | Потребни финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Да биде донесен ДУП за десниот брег | Овој предлог е дел од идните планирања на општината, долгогодишен проблем со кој се соочува општината и граѓаните во тек е донесувањето на ГУП, по донесувањето на ГУП ќе отпочне постапка за ДУП. Тоа се постапки каде временските рокови за објави и расправи по истите се законски предвидени и најверојатно донесувањето на ДУП-от за десен брег би се случил по проценкитена општината за 2024 г. | Зголемување на бројот на Одобрение за градба<br>(За 2022 година вкупно Одобренија за градба 8 од кои 7 мажи и 1 жена) | Околу<br>1 000 000,00 денари | Се донесе ГУП<br>Во наредниот период активно планираме да работиме на ДУП за десен брег |
| **2.** | Да се обезбеди објект за Културно уметничките друштва | Овој предлог е прифатлив за општината и секако општината размислува за еден поголем проект од типот на младински (мулти-културен) културен центар каде би се обезбедил простор за потребите и на граѓанските организации. Општината има изготвено техничка документација за реконструкција и пренамена на зградата на стар завод. Станува збор за една поголема инвестиција и средствата за истата не може да се обезбедат од буџетот и затоа истиот неможе да биде дел од приоритетите на општината за 2023 но секако тоа е е | Број на жени и мажи кои учествуваат во работата или активностите на културно-уметничките друштва и ќе го користат просторот | / | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ден приоритетен проект за општината за кој во меѓувреме се бараат и ќе се бараат средства од донаторски програми. | | | |
| **3.** | Да се уреди слободниот простор кај музичкото училиште на ООУ “Јоаким Крчовски” | Предлогот е прифатлив за општината во согласност со стратешките определби за урбано уредување на повеќе алтернативни простори и нивно ставање во функција на младите, но поради ограниченоста на финансиските средства истиот не е дел од приоритетите за 2023 г. | Број на ученици кои ќе го користат просторот разделен по пол.<br><br>Просторот ги задоволува потребите и на момчињата и на девојчињата. | / | |
| **4.** | Да биде донесен детален урбанистички план за десниот брег | Овој предлог се повторува со предлогот од точка два, тоа само го потврдува значењето на истот за заедницата, и е дел од идните планирања на општината, долгогодишен проблем со кој се соочува општината и граѓаните во тек е донесувањето на ГУП, по донесувањето на ГУП ќе отпочне постапка за ДУП. Тоа се постапки каде временските рокови за објави и расправи по истите се законски предвидени и најверојатно донесувањето на ДУП-от за десен брег би се случил по проценките на општината во 2024 г. | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) | Околу<br><br>1 000 000<br><br>денари | Се донесе ГУП<br><br>Во наредниот период активно планираме да работиме на ДУП за десен брег |

## 2. Предлози по програмата за животна средина

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Резултати/индикатори** | **Потребни финансиски** | |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | средства | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Да се донираат садови за компостирање | Овој предлог не е дел од приоритетите за 2023 година, поради ограничените буџетски средства но вакви активности се планирани за во иднина. | Број на доделени садови разделен по пол | 1 000 000 ден | |
| **2.** | Поставување на фотонапонски панели на јавни институции. | Овој предлог не е дел од приоритетите за 2023 година, поради ограничените буџетски средства но вакви активности се планирани за во иднина. | Број на вработени жени и мажи и корисниците, во јавните институции кои ќе имаат бенефит од фотонапонските панели | 5.000 000 ден | Воспоставени се панели на повеќе институции |

**3. Предлози по Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници**

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Резултати/индикатори** | **Потребни финансиски средства** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Изградба на стационар во близина на општината. | Овој предлог не е дел од приоритетите за 2023 година. Општината нема законска рамка за основање на стационар. | Пријави за 2021 година вкупно 93 од кои 53 жени и 40 мажи, додека за 2022 година вкупен број пријави 117 од кои 71 жена и 46 мажи | / | |
| **2.** | Отворање на стационар за кучиња преку стимулативни мерки од општина и држава. | Може да се размислува за еден ваков предлог, но предлогот во моментот не е дел од приоритетите за 2023 година. | Пријави за 2021 година вкупно 93 од кои 53жени и 40 мажи, додека за 2022 година вкупен број пријави 117 од кои 71 жена и 46 мажи | / | |

## 4. Предлози по програмата за уредување на сообраќајна сигнализација

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Резултати/индикатори | Потребни финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изградба на катна гаража-монтажна кај мостот кај училиштето Јоаким Крчовски. | Овој Предлог е прифатлив и согласно стратешките и програмски планирања на општината, бидејќи станува збор за поголема капитална инвестиција, истиот во моментот неможе да влезе во приоритетите за 2023 година, секако општината го има во своите идни планирања. | Број на возачи мажи и жени во општината кои имаат придобивка од мерката | / | |
| 2 | Изработка и донесување на план за одржлива урбана мобилност. | Предлогот е прифатлив за општината но ќе биде дел од идните планирања, од објективни причини. | Подеднакво учество на жени и мажи во изработката на планот | | |

## 5. Предлози по програмата за образование

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Резултати/индикатори | Потребни финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | За најдобрите 10 матуранти според утврдени критериуми дополнителна награда. | Во Програмата за 2023 година се опфатени сите матуранти, поради ограниченоста на буџетот во моментот општината не е во можност за планирање на нови средства но секако истиот же го има предвид при своите | Број на доделени награди на матуранти поделен по пол | Буџет за сите матуранти<br>396 000,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | идни планирања. | | | |
| **2.** | Средства за полуматуранти | Прифатлив предлог, кој неможе да биде дел од приоритетите за 2023, затоа што општината нема финансиски можности за финансирање и за полуматурантите. | Број на доделени фин. средства за полу-матуранти поделен по пол | Околу<br>300 000,00 ден | |
| **3.** | Стипендирање на деца од ранливи категории | Општината доделува стипендии согласно Правилник во кој одредени критериуми се од социјална категорија, така да со постојните стипендии се опфатени и децата од ранливите категории. | **Број на стипендирани деца од ранливи категории разделен по** пол | Буџет за стипендирање<br>495.000,00 | |

**<u>6. Предлози по програмата за социјална, детска и здравствена заштита</u>**

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Резултати/индикатори | Потребни финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Да се отвори SOS телефон во општината | Предлогот е прифатлив но не е дел од приоритетите за следната година, бидејќи станува збор за покомплексен предлог, кој бара посериозни планирања, време и пари. Но општината ќе го има предвид при креирањето на идните политики на општината. | Број на корисници на линијата разделен по пол<br>Обезбедена линија која нуди поголема безбедност и целосна и анонимна поддршка на жените, мажите и децата во општината | Со донаторски средства | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Субвенционирање на деца кои не се во можност да одат на екскурзии | Предлогот е прифатлив и но истиот во моментот неможе да биде дел од буџетот, но секако е и ќе биде дел од приоритетите на општината и доколку се изнајдат можности може да се реализира уште и во 2023 година, но секако ќе биде дел, од планирањата во иднина. | Број на доделени субвенции за екскурзија на деца од ранливи категории разделен по пол | / | |
| **3.** | Дневен центар за лица зависници | Овој Предлог не е дел од Програмата, во блиска иднина се планирани обуки, но дневен центар е надвор од буџетските можности на општината. | Број на лица кои употребуваат и се лечат од дрога и го посетуваат дневниот центар разделен по пол.<br><br>Центарот е соодветно уреден и за жени и за мажи кои се лечат од зависности. | / | |

7. **<u>Предлози по програмата за изградба на улици и патишта</u>**

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Резултати/индикатори | Потребни финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Кружен тек на клучката со магистралниот пат (кај Карчо) | Предлогот е неприфатлив, затоа што заобиколницата од магистралниот пат е во надлежност на ЈПДП , има законски критериуми кои недозволуваат кружен тек, зошто не е улица. Реализацијата на предлогот е многу сложено прашање, општината во изминатиот период и сама имаше обиди и желба тук ада се постави кружен тек но наиде на многу законски пречки. | Намален број на сообраќајни незгоди и зголемена безбедност на жителите и сите кои транзитираат низ Крива Паланка.<br><br>(18059 граѓани/ки од кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | 500 000 денари | |
| **2.** | Асфалтирање на улици во нас.Бегови бавчи | Предлогот е прифатлив, останува во Бегови Бавчи асфалтирање на уште еден крак, но пред тоа мора да се обезбеди техничка документација за атмосверски одвод и друга инфраструктура за изградба на патот. | Број на жени и мажи кои живеат во наслеба Бегови Бавчи и имаат придобивка од мерката | 800 000 денари | |
| **3.** | Изградба на метален надвозник спој со мост кај ОУ Јоаким Крчовски и ул.Херој Карпош | Овој предлогот е во ред, но не може да биде дел приоритетите за 2023 затоа што не е во надлежност само на општината туку на ЈПДП бидејки е магистрален пат, а и буџетските средства не го дозволуваат тоа | Зголемена безбедност на жените и мажите, девојчињата и момчињата, кои се движат по дадената рута | 500 000 денари | |

## 8. Предлози по програмата за уредување на градежно земјиште

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Резултати/индикатори** | **Потребни финансиски** | |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | средства | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Решавање на имотно-правен спор за спортската сала кај мотел Македонија | Предлогот не може да биде дел од приоритетите, затоа што се чека на измена во законот за да може и овој тип на објекти да се легализираат | (18059 граѓани/ки од кои (51,5% мажи и 48.5% жени).<br>Момчиња и девојчиња од Општината | / | |
| **2.** | Реконструкција на мостот од скалите кај бензинската на Мак Петрол кон нас.Бегови бавчи | Предлогот не е дел од приоритетите за 2023 година затоа што според урбанистички план тука е предвиден колско -пешачки мост (засега може само тековно да се одржува) | Зголемена безбедност на жените и мажите, девојчињата и момчињата, кои се движат по дадената рута | За тековно одржување<br>50 000-100 000 ден | |
| **3.** | Да се предвиди и уреди паркинг простор за тешки товарни возила | Предлогот е прифатлив зошто евидентна е потребата од паркинг простор за товарни возила. Но истиот неможе да биде дел од приоритетите за 2023 затоа што прво треба да се предвиди со урбанистички план. | Зголемена безбедност и удобност на жените и мажите, девојчињата и момчињата во општината | / | |
| **4.** | Реконструкција на мост на Дубровничка река | Овој предлогот е во ред, но не може да биде дел од приоритетите за 2023 затоа што не е во надлежност на општината туку на ЈПДП бидејки е регионален пат. Но општината ќе упати официјално барање до ЈПДП за превземање на мерки за | Зголемена безбедност на жените и мажите, девојчињата и момчињата, кои се движат по дадената рута | **/** | |

**<u>9. Предлози по програма за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна мрежа</u>**

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Резултати/индикатори | Потребни финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Нема чиста животна средина без пречистителна станица | Општината се согласува и со предлогот и со пораката од истиот, но неможе да биде делод приоритетите за следната година. но општината работи на проблемот, прво треба да се утврди локација,донесе урбано планска документацја, се изработи техничка документацција ит.итн. | Подобрено здравје и благосостојба на жените и мажите, девојчињата и момчињата во општината | Над 50 000 евра само проект | |
| **2.** | Оградување на базените вода за пиење во подрачните училишта во Подржикоњ, Луќе, Добровница и Конопница | Овој Предлог може да се прифати доколку е во надлежност на **ЈП Комуналец**<br>Напомена:<br>Предлогот ќе биде испратен до ЈП Комуналец па ќе се види што потоа. | Подобрено здравје и благосостојба на жените и мажите, девојчињата и момчињата во општинат | Околу<br>100 000 ден | |

## 10. Предлози по програма за локален економски развој

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Резултати/индикатори | Потребни финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Обука и размена на искуства за рурални жени преку посета на развиени селски стопанства во државата и странство. | Предлогот е прифатлив и доколку се обезбедат услови истиот може да се реализира но во моментот поради ограниченоста на средствата неможе да биде прифатен за следната година. | Број на жени од Крива Паланка кои отишле на студиска посета | / | |
| **2.** | Стимулативни мерки за поддршка на МСП. | Предлогот е делумно прифатлив посебно во делот на претприемничките вештини но за креирање на стимулативни мерки во моментот буџетотна општината нема таква кондиција. | Број на доделени стимулативни мерки разделен по пол | 60 000 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | Поттикнување на селски-рурални домаќинства-субвенционирање. | Предлоготн е е прифатлив, за креирање на мерки за субвенционирање во моментот буџетотна општината нема таква кондиција. | Број на рурални домаќинства разделен по пол<br><br>Мерки за сточарство и земјоделство кои ги опфаќаат жените сточари и земјоделки | / | |

**11. Предлози по програмата за соработка со граѓански организации и фондации и програмата за млади**

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Резултати/индикатори** | **Потребни финансиски средства** | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зголемување на фондот за стипендии поголем број на стипендии . | Предлогот во моментот не е прифатлив з аопштината. Во **програмата за Образование-** Општината има посебна ставка за стипендии на талентирани ученици и студенти и ограничени буџетски средства. | Број на доделени стипендии на ученици разделен по пол на учениците. | Програма за стипендии **495.000 ден** | |
| 2 | Волонтерство/ Практиканство на млади лица поддржано од локалниот бизнис. | Предлогот во моментот неможе да биде дел од приоритетите за 2023 година. Потребно е да се создадат предуслови и интерес од страна на бизнис заедницата. Општината во следниот период планира да работи на креирањето напредусловите.,така да истиот веројатно ќе биде реализиран | Број на регистрирани волонтери разделен по пол. | / | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | во иднина. | | | |
| 3 | Центар за НВО | Предлогот е прифатлив но бара многу пред услови, во моментот неможе да биде може да биде дел од приоритетите за 2023 но на истиот општината активно работи. | Број на НВО кои го користат центарот | Донаторски средства | |
| 4 | Поддршка за младите таленти. | Предлогот во моментот не е прифатлив за општината. Но во **програмата за Образование-** Општината има посебна ставка за стипендии на талентирани ученици и студенти и ограничени буџетски средства. | Родово-сензитивна поддршка за таленти | Програма за стипендии **495.000 ден** | |

## 12. Предлози по програмата за култура

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Резултати/индикатори | Потребни финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Локално радио или локална телвизија. | Предлогот не е прифатлив општината нема законски можности за реализација на истиот. | Број на жени и мажи кои ќе го користат радиото и телевизијата (18059 граѓани/ки од кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | / | |
| **2.** | Детски хепенинг за меѓународен ден на детето-19ти јуни | Предлогот е прифатлив но ограничениот буџет е проблем, општината ќе го има предвид при своите идни планирања. | Одржан настан за деца со соодветни содржини кои не произведуваат родови стереотипи и предрасуди | 100 000 | |
| **3.** | Подршка на млади автори за издавање на авторски дела и | Предлогот е прифатлив но ограничениот буџет е проблем, | Број на доделени финансиски средства за | 300 000 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | збирки (поезија / проза) | општината ќе го има предвид при своите идни планирања. | авторски дела поделен по пол и возраст | | |
| **4.** | Зголемен број на театарски претстави во текот на цела година, вклучувајќи ги детските претстави | Предлогот е прифатлив но ограничениот буџет е проблем, општината ќе го има предвид при своите идни планирања. | Број на театарски претстави кои содржат иновативни пристапи за унапредување на еднаквоста | **/** | |